**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2022 ГОДИНА

**Скопје, јули 2022 година**

**Резиме**

- Бруто-домашниот производ во првото тримесечје од 2022 година забележа раст на реална основа од 2,4%, како резултат на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемена потрошувачка и зголемени бруто-инвестиции;
- Стапката на невработеност, според Анкетата на работна сила, се намали на 14,8% во првото тримесечје од 2022 година, што претставува пад од 1,2 процентни поена во однос на истото тримесечје претходната година;
- Стапката на инфлација во првото полугодие од 2022 година изнесува 10,0%, како резултат на високиот раст на увозните цени поради растот на примарните производи на светските берзи, како и на растот на цените на нафтените деривати;
- Вкупните буџетски приходи во периодот јануари – јуни се остварени во износ од 116.426 милиони денари, што претставува 48,7% од планираниот износ за 2022 година и во однос на првото полугодие претходната година се зголемени за 14,8%;
- Вкупните буџетски расходи во периодот јануари – јуни 2022 година се реализирани во износ од 126.770 милиони денари, што претставува 46,5% од годишниот план и во однос на првото полугодие претходната година се зголемени за 8,3%;
- Во периодот јануари – јуни 2022 година, остварен е дефицит на Буџетот на РСМ од 10.344 милиони денари, што претставува 30,9% од планираниот дефицит, односно 1,3% од проектираниот БДП за 2022 година;
- Државниот долг на Република Северна Македонија на крајот на првиот квартал од 2022 година изнесува 46,81% од БДП, додека јавниот долг претставува 54,9% од БДП.

**СОДРЖИНА**

Резиме ........ 1
1. Меѓународни економски трендови ........ 3
2. Макроекономски трендови во земјата ........ 4
   2.1. Економска активност ........ 4
   2.2. Пазар на работна сила ........ 7
   2.3. Инфлација и монетарни движења ........ 8
   2.4. Платен биланс ........ 8
3. Фискален сектор ........ 9
   3.1. Буџет на Република Северна Македонија ........ 9
      3.1.1 Извршување на Основниот буџет ........ 12
      3.1.2 Извршување на буџетот на фондовите ........ 14
      3.1.3 Извршување на буџетот на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници ........ 15
      3.1.4 Извршување на Буџетот на РСМ по буџетски корисници ........ 15
   3.2. Управување со јавниот долг ........ 18

## 1. Меѓународни економски трендови[1]

Глобалната економија е под големо влијание на руската инвазија врз Украина, којашто е проследена со бројни санкции кон Русија со цел да се изврши притисок за запирање на воените дејствија. Намалувањето на прогнозите за глобалниот економски раст е резултат на економските последици од руско-украинскиот воен конфликт, односно влошување на веќе нарушените глобални синџири на снабдување и пазарот на енергија, силен раст на цените на примарните прехранбени и енергетски производи на меѓународниот пазар, намалената доверба на инвеститорите, построгите финансиски услови итн. Оваа криза се случува во време кога светската економија сé уште не е целосно заздравена од пандемијата на КОВИД-19. Ваквите настани се очекува неповолно да се одразат врз економскиот раст, да предизвикаат значително зголемување на стапката на инфлација, растечки каматни стапки и тешкотии во управувањето со јавниот долг, коишто ќе ја отежнат фискалната консолидација.

Во 2022 година се очекува забавување на растот на глобалната економија од 3,6%, согласно последните проекции на Меѓународниот монетарен фонд, а економскиот раст на ЕУ е проектиран на 2,9%, по растот од 5,4% изминатата година. Во Германија, како најголема економија во рамки на ЕУ и наш најзначаен трговски партнер, растот на економската активност е проектиран на 2,1% (Графикон 1).

Графикон 1. Глобален економски раст (во %)



Извор: ММФ, април 2022 г. (проекции за 2022 г.)

Ризиците во врска со проекциите се во надолна насока како резултат на големата неизвесност од понатамошниот тек на конфликтот и воведувањето нови пакети санкции против Русија. Брза разрешница на војната во Украина ќе ја зголеми довербата, ќе ги намали ценовните притисоци и ќе ги намали тесните грла во снабдувањето, но веројатно е дека растот ќе продолжи да забавува, а инфлацијата ќе остане повисока од очекуваното. Влошувањето на војната може да се огледа преку продлабочување на хуманитарната криза, зголемување на бројот на бегалци и зајакнување на санкциите кон Русија, што неповолно би се одразило врз надворешната трговија, странските инвестиции и дополнително би ја продлабочило енергетската криза. Растечките каматни стапки во услови на зголемен јавен долг како последица на пандемијата се очекува да ги зголемат буџетските дефицити и да го отежнат процесот на фискална консолидација. Повторното ширење на ковид-19 исто така може да биде извор на неповолно влијание, особено воведувањето ограничувачки мерки во Кина, а сериозен ризик може да претставува и појавата на нови соеви на вирусот.

[1] Анализата во овој дел се базира на извештајот на Меѓународниот монетарен фонд „Светски економски преглед“, објавен во април 2022 година.

## 2. Макроекономски трендови во земјата[2]

### 2.1. Економска активност

Во првото тримесечје од 2022 година, БДП забележа годишен раст од 2,4% на реална основа, како резултат на позитивните остварувања во услужниот, индустрискиот и земјоделскиот сектор коишто имаа позитивен придонес врз економскиот раст, со што продолжи понатамошното постепено закрепнување на домашната економија во постпандемискиот период.

Активноста во услужниот сектор, како целина, забележа раст од 4,1% во првото тримесечје, што е резултат на поволните движења во следните дејности: Трговија, транспорт и угостителство од 11,2%, Стручни, научни и технички дејности од 5,9%, Финансиски и дејности на осигурување од 1,9%; Уметност, забава и рекреација од 1,3%, Дејности во врска со недвижен имот од 1,2% и Информации и комуникации од 0,4%. Пад е забележан кај Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 1,1%. Позитивните движења во трговската дејност, согласно високофреквентните податоци, продолжија во април и мај, при што раст на прометот е регистриран кај сите сегменти.

Графикон 2. Структура на економски раст според производниот метод (придонес во раст, п.п.)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Во првото тримесечје активноста во индустрискиот сектор забележа раст од 2,2%. Согласно месечните податоци за индустриското производство во овој период, рударството, преработувачката индустрија и енергетскиот сектор забележаа позитивен придонес врз индустријата. Високофреквентните податоци покажуваат продолжување на позитивните движења во индустријата, со што растот на индустриското производство во периодот јануари – мај изнесува 2,9%. Позначителен придонес врз растот имаат производството на моторни возила, производството на облека и производството на производи од гума и производи од пластични маси.

Градежниот сектор забележа пад од 17,2% во првите три месеци, кој согласно високофреквентните податоци се должи на падот во сегментот високоградба, додека кај нискоградбата има раст во првото тримесечје. Земјоделството во овој период забележа минимален раст од 0,3% по падот од 4,6% претходниот квартал, со што продолжуваат променливите движења во овој сектор.

[2] Во Извештајот се користат последните расположливи податоци. За БДП, невработеноста и платниот биланс достапни се податоци заклучно со првиот квартал од 2022 година.

Графикон 3. Годишен раст на индустриското производство (во %)




Анализирано според расходната страна, растот на економската активност е резултат на зголемената домашна побарувачка, во услови на зголемена потрошувачка и зголемени бруто-инвестиции, додека придонесот на нето-извозот е негативен. Бруто-инвестициите забележаа раст од 38,6%, со што продолжи нивното натамошно закрепнување. Потрошувачката забележа раст на реална основа од 4,0%, во чии рамки приватната потрошувачка поддржана од растот на платите, дознаките и солидната кредитна активност порасна за 4,9%, а јавната потрошувачка се зголеми за 0,5% на реална основа.

Графикон 4. Расходна структура на економскиот раст (придонес во раст, процентни поени)




Во првото тримесечје, извозот на стоки и услуги забележа раст од 11,1% на реална основа, што главно се должи на зголемениот извоз на хемиски производи, железо и челик, и минерални горива и мазива. Увозот на стоки и услуги забележа повисок раст од извозот, односно се зголеми за 24,4% на реална основа, со што нето-извозот има негативен придонес во економскиот раст. Растот на увозот главно се должи на увозот на интермедијарни производи, којшто е зголемен за 37,9% (Графикон 4). Имено, во 2021 година, надворешнотрговската размена покажа знаци на закрепнување, по падот на истата во 2020 година што се должеше на пандемијата на ковид-19, за да во првите пет месеци од 2022 година се интензивира, при што извозот на стоки забележа номинален раст од 18,8%, а увозот на стоки од 29,6%.

Економската активност во 2022 година се предвидува да се врати на преткризното ниво, но со понизок раст од претходно проектираниот, како резултат на економските последици од руско-украинскиот воен конфликт, односно влошување на веќе нарушените глобални синџири на снабдување и пазарот на енергија, силен раст на цените на примарните прехранбени и енергетски производи на меѓународниот пазар, намалена доверба на инвеститорите итн. Ваквите појави се очекува да влијаат неповолно врз надворешната побарувачка, во услови на влошени очекувања за глобалниот и економскиот раст во ЕУ, како и врз домашната побарувачка, односно инвестициите во основни средства и потрошувачката.

Државата, со донесените економски мерки за справување со енергетската и ценовната криза, се очекува да влијае врз заштитата на животниот стандард на граѓаните, а ќе обезбеди и финансиска поддршка на деловните субјекти, со цел побрзо економско заздравување. На среден рок, фискалната политика, преку редизајнирање на јавните расходи, со акцент на засилување на циклусот јавни инвестиции и мерки насочени кон постигнување забрзан, инклузивен и одржлив економски раст, преку Планот за финансирање на забрзувањето на економскиот раст, ќе има значително влијание врз инвестициската побарувачка и потенцијалот за економски раст.

Економскиот раст во 2022 година е проектиран на 3,2%, придвижен од домашната побарувачка, додека нето-извозот се очекува да има негативен придонес, којшто се предвидува постепено да се стесни, во услови на раст и на извозот и на увозот.

Декомпозицијата на економскиот раст покажува дека инвестициите ќе имаат значајна улога во поддршката на економската активност. Реалниот раст на бруто-инвестициите е проектиран на 5% во 2022 година, во услови на очекуван раст и на јавните и на приватните инвестиции. Потрошувачката, исто така, е предвидено да го поддржи растот на домашната побарувачка. Приватната потрошувачка се очекува да забележи реален раст од 3,3%, а растот на јавната потрошувачка е проектиран на 1,2%.

Табела 1. Споредба на проекциите за економски раст и инфлација за 2022 година (во %)

| | Економски раст | Инфлација |
|---|---|---|
| **Министерство за финансии** | 3,2 | 7,2 |
| **ММФ** | 3,2 | 6,9 |
| **Светска банка** | 2,7 | 5,5 |
| **Европска комисија** | 3,0 | 6,7 |
| **ЕБОР** | 3,0 | / |
| **Fitch Ratings** | 2,8 | 6,3 |
| **Народна банка на РСМ** | 2,9 | 8,8 |

Извор: ММФ (World Economic Outlook, април 2022 г.), Светска банка (Western Balkans Regular Economic Report, мај 2022 г.), Европска комисија (European Economic Forecast, мај 2022 г.), ЕБОР (Regional Economic Prospects, мај 2022 г.), Fitch Ratings (април 2022 г.), Народна банка на РСМ (Квартален извештај, мај 2022 г.).

## 2.2. Пазар на работна сила

Падот на невработеноста продолжи во првото тримесечје од 2022 година според Анкетата на работна сила[3], односно стапката на невработеност се намали на 14,8%, што претставува пад од 1,2 процентни поена во однос на истото тримесечје претходната година (Графикон 5).

Графикон 5. Стапка на невработеност (во %)




Извор: Државен завод за статистика

Стапката на вработеност во првото тримесечје од 2022 година изнесува 47,1% и во однос на истиот квартал од 2021 година е непроменета, додека активното население сочинува 55,3% од вкупното работоспособно население и е намалено за 0,7 п.п. во споредба со истиот квартал од 2021 година.

Во првите четири месеци од 2022 година, платите забележаа просечен раст од 8,4% на номинална основа, при што во март и април растот се интензивираше како резултат на зголемувањето на минималната плата (Графикон 6). Во овој период раст на просечна плата е забележан во сите сектори, при што најизразен е во угостителската дејност, трговијата, стручните и административните услужни дејности, уметноста, дел од дејностите во индустрискиот сектор, рударството и земјоделството.

Графикон 6. Раст на просечната нето-плата (во %)




Извор: Државен завод за статистика

[3] Согласно известувањето од Државниот завод за статистика при обработката на податоците за првото тримесечје од 2022 година се користени регионалните демографски дистрибуции по пол и по петгодишни старосни групи за калибрирање на населението согласно со податоците од Пописот 2021.

### 2.3. Инфлација и монетарни движења

Во првото полугодие од 2022 година стапката на инфлација изнесува 10,0%, како резултат на високиот раст на увозните цени поради растот на цените на примарните производи на светските берзи. Растот на цените на светските берзи се должи на нарушувањата на страната на понудата поради нарушувањата во синџирите на снабдување предизвикано од пандемијата и воениот конфликт во Украина. Цените на енергенсите на домашниот пазар во првата половина на 2022 година се зголемија како резултат на административното покачување на цените на струјата за домаќинствата согласно одлуката на РКЕ. Цените на храната коишто имаат најголем придонес врз растот на цените во првата половина од 2022 година се зголемија за 13,9%. Базичната инфлација во овој период изнесува 5,4% и истата ги отсликува и преносните ефекти од зголемениот раст на цените на храната и енергенсите.

Графикон 7. Вкупна и базична инфлација (во %)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Како одговор на растечката инфлација и инфлациските очекувања во првата половина од годината, Народната банка донесе одлука за затегнување на монетарната политика и во три наврати ја зголеми основната каматна стапка. По зголемувањето во април и мај за по 0,25 п.п., соодветно, во јуни ја зголеми за 0,25 п.п. и истата изнесува 2,0%. Одлуката за затегнување на монетарната политика се заснова врз оцените дека увозните ценовни притисоци се подолготрајни и посилни, што создава одредени преносни ефекти кај повеќе ценовни категории и делува врз инфлациските очекувања.

Во мај 2022 година, вкупните кредити се зголемија за 9,9% на годишна основа, во услови на раст на кредитите на претпријатијата од 11,4% и на кредитите кон домаќинствата од 8,0%. Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2022 година оствари раст од 2,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се намалија за 5,8%, а депозитите во странска валута се зголемија за 14,4%. Секторската анализа укажува дека депозитите на претпријатијата и домаќинствата се зголемија за 0,4% и 4,5% соодветно.

### 2.4. Платен биланс

Тековната сметка на платниот биланс забележа дефицит од 392,4 милиони евра во првото тримесечје од 2022 година, кој во однос на истиот период претходната година е проширен за 339,5 милиони евра, што во целост се должи на зголемениот дефицит во размената со стоки и услуги. Приливот на странски директни инвестиции (СДИ) изнесува 122,4 милиони евра, кој во најголем дел е по основ на реинвестирање на добивката, а во помал дел е во форма на сопственички капитал и должнички инструменти.

Графикон 8. Салдо на тековна сметка и прилив на СДИ (во милиони евра)



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Девизните резерви во јуни 2022 година изнесуваат околу 3 милијарди евра и обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од 3,6 месеци од претходниот 12-месечен период, што претставува соодветно ниво за водење на монетарната политика.

## 3. Фискален сектор

### 3.1. Буџет на Република Северна Македонија

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година вкупните приходи се планирани во износ од 238.899 милиони денари, вкупните расходи во износ од 272.428 милиони денари, односно планиран е дефицит од 33.529 милиони денари (дефицит на Основниот буџет од 26.846 милиони денари, дефицит на фондовите од 812 милиони денари и дефицит на сметките за сопствени приходи од 5.871 милион денари).

Графикон 9. Шематски приказ на Буџетот на РСМ, остварување (во милиони денари) и стапка на реализација (во %) во првото полугодие на 2022 година



Вкупните буџетски приходи се реализирани во износ од 116.426 милиони денари, што претставува 48,7% од планираниот износ за 2022 година, односно зголемување од 14,8% во однос на реализираните буџетски приходи во истиот период од 2021 година (Табела 2). Во рамки на вкупните приходи, 106.101 милион денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 50,3% од планираниот износ за 2022 година, односно е забележан раст од 15,9% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 69.725 милиони денари[4] (односно реализација од 51,1% од планираниот износ за 2022 година), додека придонесите се реализирани во износ од 36.376 милиони денари (годишен раст од 7,9%, односно 48,9% од планираниот износ за 2022 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај сите видови даноци, при што највисок раст бележат приходите од данокот на добивка од 48,6%, по што следат увозните давачки со раст на наплатата од 22,1%, ДДВ од 19,8%, персоналниот данок на доход од 17,0% и акцизите од 9,0%.

Вкупните расходи на Буџетот на РСМ во периодот јануари – јуни 2022 година се реализирани во износ од 126.770 милиони денари, што претставува 46,5% од годишниот план, односно раст од 8,3% во однос на првото полугодие од 2021 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 118.238 милиони денари, односно 50,5% од планираниот износ за цела година, што претставува раст од 7,0% во однос на истиот период од 2021 година. Раст се забележува кај каматните расходи од 21,9%, кај расходите за стоки и услуги од 3,8% и кај платите и надоместоците од 3,5%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековни расходи, се зголемија за 7,2%, водени од високиот раст кај субвенциите и трансферите од 17,8% и дотациите од ДДВ од 11,5%. Во рамки на трансферите, социјалните трансфери се зголемија за 7,1%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 8.532 милиона денари и се повисоки за 30,0% во споредба со истиот период од 2021 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во првото полугодие изнесува 22,3%.

[4] Вклучени се и приходите од сопствени сметки во износ од 874 милиони денари.

Табела 2. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – јуни 2022 година

| | Буџет 2022 | Јануари-јуни 2022 | | | Јан.-јуни 2017-2021 | Јан.-дек. 2017-2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација | просечна стапка на реализација (во однос на првичен буџет) | |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **238.899** | **116.426** | **14,8%** | **48,7%** | **45,1%** | **95,8%** |
| **Даноци и придонеси** | **210.829** | **106.101** | **15,9%** | **50,3%** | **46,3%** | **98,2%** |
| Даноци | 134.103 | 68.851 | 20,4% | 51,3% | 45,5% | 97,9% |
| Персонален данок на доход | 21.051 | 10.850 | 17,0% | 51,5% | 45,0% | 98,1% |
| Данок на добивка | 12.313 | 9.033 | 48,6% | 73,4% | 50,6% | 94,2% |
| ДДВ | 62.240 | 31.879 | 19,8% | 51,2% | 45,0% | 97,7% |
| Акцизи | 28.779 | 11.954 | 9,0% | 41,5% | 42,7% | 96,9% |
| Увозни давачки | 8.983 | 4.824 | 22,1% | 53,7% | 53,1% | 113,4% |
| Други даночни приходи | 738 | 311 | 2,6% | 42,1% | 41,7% | 95,3% |
| Придонеси | 74.371 | 36.376 | 7,9% | 48,9% | 48,4% | 99,8% |
| **Неданочни приходи** | **19.171** | **7.873** | **19,5%** | **41,1%** | **39,3%** | **80,6%** |
| **Капитални приходи** | **3.330** | **776** | **80,0%** | **23,3%** | **24,8%** | **91,3%** |
| **Странски донации** | **5.570** | **1.676** | **-41,0%** | **30,1%** | **35,0%** | **73,3%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** | **6,3%** | **14,0%** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **272.428** | **126.770** | **8,3%** | **46,5%** | **46,1%** | **94,9%** |
| **Тековни расходи** | **234.192** | **118.238** | **7,0%** | **50,5%** | **49,0%** | **98,0%** |
| Плати и надоместоци | 32.679 | 15.746 | 3,5% | 48,2% | 48,4% | 96,4% |
| Стоки и услуги | 20.656 | 8.710 | 3,8% | 42,2% | 38,0% | 82,5% |
| Трансфери | 170.785 | 88.658 | 7,2% | 51,9% | 51,6% | 100,7% |
| Социјални трансфери | 124.497 | 63.562 | 7,1% | 51,1% | 49,7% | 99,2% |
| ПИОСМ | 74.220 | 38.739 | 8,7% | 52,2% | 50,2% | 99,3% |
| Паричен надоместок за невработени | 2.810 | 780 | -9,4% | 27,8% | 41,2% | 100,2% |
| Социјална помош | 11.417 | 6.196 | 2,8% | 54,3% | 48,3% | 96,6% |
| Здравствена заштита | 36.050 | 17.847 | 6,0% | 49,5% | 49,8% | 99,8% |
| Други трансфери | 43.131 | 24.161 | 10,7% | 56,0% | 57,8% | 106,1% |
| Камата | 10.071 | 5.124 | 21,9% | 50,9% | 32,1% | 93,5% |
| **Капитални расходи** | **38.236** | **8.532** | **30,0%** | **22,3%** | **23,0%** | **70,0%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-33.529** | **-10.344** | **-34,0%** | **30,9%** | **60,7%** | **83,6%** |

Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – јуни 2022 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 10.344 милиони денари, што претставува 1,3% од проектираниот БДП за 2022 година, односно 30,9% од годишниот план (Табела 2). Во рамките на Буџетот на РСМ, Основниот буџет има остварено дефицит од 10.162 милиона денари, фондовите од 853 милиони денари, а на сметките за сопствени приходи остварен е суфицит во износ од 671 милион денари.

### 3.1.1 Извршување на Основниот буџет

Вкупните приходи на Основниот буџет во периодот јануари – јуни 2022 година изнесуваат 72.340 милиони денари и истите претставуваат 50,4% од вкупно предвидените приходи за 2022 година во износ од 143.545 милиони денари.

Наплатата на даночните приходи, кои претставуваат најзначајна ставка во рамки на вкупните приходи, во овој период изнесува 68.169 милиона денари, односно 51,4% од годишниот план, додека неданочните и капиталните приходи се остварени во износ од 4.171 милион денари или 38,4% во однос на планираните за цела година.

Структурата на остварените даночни приходи покажува дека данокот на додадена вредност има најголемо учество со 31.879 милиони денари или 46,8% од вкупните даночни приходи (Графикон 10). Потоа следуваат приходите по основ на наплатени акцизи со 11.272 милиона денари, персоналниот данок на доход со 10.850 милиони денари, данокот на добивка со 9.033 милиони денари, увозните давачки со 4.824 милиони денари и другите даночни приходи со 311 милиони денари.

Графикон 10. Структура на остварени даночни приходи, јануари – јуни 2022 година




Извор: Министерство за финансии

Вкупните расходи на Основниот буџет во периодот јануари – јуни 2022 година се реализирани во износ од 82.502 милиона денари или 48,4% од вкупно предвидените средства со Основниот буџет за 2022 година.

Во структурата на извршените расходи во овој период, најголемо учество имаат расходите по основ на субвенции и трансфери со 16.505 милиони денари. Потоа следуваат тековни трансфери до буџетските фондови со 16.350 милиони денари, плати, наемнини и надоместоци со 14.839 милиони денари, тековни трансфери до единиците на локална самоуправа (ЕЛС) со 11.004 милиони денари, капитални расходи од 6.409 милиони денари, социјални бенефиции од 6.088 милиони денари, расходи за стоки и услуги со 6.082 милиона денари и каматни плаќања со 5.124 милиони денари. На Графиконот 11 е прикажано нивното процентуално учество во вкупните расходи.

Графикон 11. Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари – јуни 2022 година




Стапката на реализација во категоријата стоки и услуги изнесува 47,5%. На Графиконот 12 се прикажани дезагрегирани податоци за извршените расходи за стоки и услуги.

Графикон 12. Расходи за стоки и услуги, јануари – јуни 2022 година (во милиони денари)




Тековните трансфери до буџетските фондови во првата половина од годината претставуваат 52,5% од годишниот план. Во рамки на оваа категорија 82,5% отпаѓа на трансфери до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (Фонд на ПИОСМ), додека остатокот претставува трансфер до Фондот за здравствено осигурување и до Агенцијата за вработување.

Од вкупно планираните средства за тековни трансфери до ЕЛС за 2022 година, во првата половина од годината се реализирани 49,3%. Во рамки на оваа категорија, најголемиот износ, односно 88,7% е по основ на блок и наменски дотации, додека остатокот е по основ на ДДВ дотации.

Стапката на реализација во категоријата субвенции и трансфери во разгледуваниот период изнесува 63,2%. Најголем дел од овие средства, односно 27,8% се исплатени по основ на земјоделски

субвенции од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, додека 5.264 милиони денари се исплатени како помош кон АД ЕСМ со цел справување со енергетската криза.

Социјалните бенефиции во периодот јануари – јуни претставуваат 55,3% од годишниот план.

Капиталните расходи во разгледуваниот период претставуваат 25,6% од планираните средства за оваа намена со Основниот буџет за 2022 година. На Графиконот 13 се прикажани дезагрегирани податоци за извршените капитални расходи.

Графикон 13. Капитални расходи, јануари – јуни 2022 година (во милиони денари)




Во разгледуваниот период, отплатата на главнината од Основниот буџет по однос на вкупниот долг изнесува 4.226 милиони денари, додека плаќањата по основ на камати изнесуваат 5.124 милиони денари. Од вкупните одливи по основ на отплата на кредити, 1.325 милиони денари се одливи за отплата на главнина кон домашни кредитори, додека 2.901 милион денари се одливи за отплата на главнина кон нерезидентни кредитори. За трошоци по основ на камата кон домашни кредитори исплатени се 1.579 милиони денари, додека кон странски кредитори исплатени се 3.545 милион денари.

### 3.1.2 Извршување на буџетот на фондовите

Фондот на ПИОСМ во првата половина од годината има остварено дефицит од 1.111 милиони денари. Остварувањето на приходите и приливите заклучно со јуни изнесува 41.722 милиона денари, што претставува 50,8% во однос на планираните за 2022 година, додека извршувањето на расходите изнесува 42.833 милиони денари, односно 51,5% од годишниот план. Од вкупните приходи, 23.691 милион денари се приходи по основ на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување (48,9% од годишниот план), 16.260 милиони денари се трансфери од Основниот буџет, 682 милиона денари се приходи од акцизи, а останатите 1.089 милиони денари се други приходи на Фондот.

Во делот на расходите на Фондот на ПИОСМ, трошоците за пензии се реализирани во износ од 33.268 милиони денари или 51,7% од предвидените за 2022 година. Исплатата на пензиите се одвива во согласност со предвидената динамика за 2022 година. Трансферите од Фондот на ПИОСМ до приватните пензиски фондови изнесуваат 5.471 милион денари, а придонесите за здравствено осигурување за пензионери до Фондот за здравствено осигурување се исплатени во износ од 3.842 милиона денари. Расходите за плати, стоки и услуги и други трошоци се извршени во износ од 217 милиони денари.

Заклучно со јуни 2022 година, Фондот за здравствено осигурување има остварено дефицит во висина од 283 милиони денари, во услови на остварени приходи од 17.799 милиони денари, што

претставува 48,3% од годишниот план и извршени расходи од 18.082 милиона денари, односно 49,4% од планираните за 2022 година.

Во разгледуваниот период, остварени се приходи од придонеси за здравствено осигурување во износ од 10.284 милиони денари или 49,0% од годишниот план. Придонесите за здравствено осигурување на пензионери уплатени од Фондот на ПИОСМ изнесуваат 3.842 милиона денари, додека придонесите за здравствено осигурување уплатени од Агенцијата за вработување на РСМ изнесуваат 65 милиони денари. Трансферите од Основниот буџет изнесуваат 3.348 милиони денари, приходите од партиципација изнесуваат 223 милиони денари, а останатите приходи 37 милиони денари. Во делот на расходите, реализирани се трошоци за примарна здравствена заштита од 15.383 милиони денари, трошоци за боледување од 2.056 милиони денари, за ортопедски помагала од 283 милион денари и за лекување во странство од 125 милиони денари. Расходите за плати, стоки и услуги и капиталните расходи изнесуваат 235 милиони денари.

Агенцијата за вработување на РСМ, во периодот јануари – јуни 2022 година, има остварено суфицит во висина од 541 милион денари, во услови на остварени приходи во износ од 1.608 милиони денари (44,0% од планираните за 2022 година) и извршени расходи во износ од 1.067 милиони денари (29,4% во однос на годишниот буџет). Придонесите по основ на осигурување во случај на невработеност се главна приходна ставка и се остварени во износ од 1.505 милиони денари, односно претставуваат 49,0% од годишниот план.

Расходите на Агенцијата за вработување по основ на паричен надоместок за невработени лица во првата половина од годината изнесуваат 668 милиони денари, по основ на средства за вработување на инвалидни лица 73 милиони денари, за активни мерки за вработување извршени се 112 милиони денари, а за плаќање придонеси за пензиско и здравствено осигурување за невработени лица потрошени се 65 милиони денари. Расходите за плати, стоки и услуги на Агенцијата изнесуваат 149 милиони денари.

### 3.1.3 Извршување на буџетот на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници

Согласно Буџетот на РСМ за 2022 година планиран е дефицит на буџетите на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници (наменети за самофинансирачки активности, заеми и донации) во износ од 5.871 милион денари, додека во анализираниот период остварен е суфицит во износ од 671 милион денари.

Заклучно со јуни 2022 година, вкупните остварени приходи на овие сметки изнесуваат 6.562 милиона денари (34,9% од планот за 2022 година), а реализирани се расходи во износ од 5.891 милион денари (23,9% од годишниот буџет). Во рамки на расходите, за тековни расходи се потрошени 3.784 милиони денари или 32,6% од годишниот план, додека за капитални расходи реализирани се средства во износ од 2.107 милиони денари или 16,2% од годишниот план.

### 3.1.4 Извршување на Буџетот на РСМ по буџетски корисници[5]

Во продолжение е даден осврт на расходите и одливите од Буџетот на РСМ за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 81,9% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници (Графикон 14).

Министерството за труд и социјална политика во првата половина од 2022 година реализираше 26.639 милиони денари или 52,6% од планираниот буџет за 2022 година. Притоа, најголем дел (68,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 18.303 милиони денари или 53,9% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна

[5] Деталните податоци за Приходите и расходите по буџетски корисници се прикажани во табелите на следниот линк: https://finance.gov.mk/извештаи-трезор/. Податоците се прелиминарни и неконсолидирани и ги вклучуваат и приливите и одливите на средства.

расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 22,8% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 55,3% (6.085 милиони денари) од планираните за 2022 година.

Во периодот јануари – јуни 2022 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[6] реализирани се 12.208 милиони денари, односно 41,6% од предвидените за 2022 година. Каматни плаќања (5.045 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 41,3%, а притоа се реализирани 49,4% од планираните средства за 2022 година. За Отплата на главнина реализирани се 30,5% од износот за цела година, односно 3.485 милиони денари, а во вкупните расходи учествува со 28,5%. Трета најзначајна ставка, со учество од 16,6%, е капитални расходи, за што се потрошени 2.027 милиони денари.

Графикон 14. Структура на реализирани расходи и одливи според буџетски корисници, јануари – јуни 2022 година



Извор: Министерство за финансии

Министерството за образование и наука во периодот јануари – јуни 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 13.560 милиони денари (46,8% од планираното), што е за 18,7% повеќе во споредба со претходната година. Најголем дел од расходите (61,3%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 8.309 милиони денари или 49,6% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,0%, за што се потрошени 2.309 милиони денари, односно 49,3% од вкупно предвидените.

Во првата половина од 2022 година, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 6.231 милион денари, што претставува 52,2% од буџетот за 2022 година и е за 13,4% повеќе во однос на претходната година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 63,8%, за што се потрошени 3.973 милиони денари или 48,4% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 23,3%, за што се реализирани 1.451 милион денари, што претставува 65,9% од годишниот план.

Во периодот јануари – јуни 2022 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 4.048 милиони денари (65,9% од вкупните планирани средства за 2022 година). Главна ставка кај овој буџетски корисник со учество од 90,2% во

[6] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

вкупните расходи е субвенции и трансфери, којашто е реализирана во износ од 3.653 милиони денари, односно 77,7% од планираното.

Министерството за одбрана во првата половина од 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 4.523 милиони денари, што е 33,1% од вкупниот буџет за оваа година, и истите се повисоки за 22,0% споредено со претходната година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 46,0%, за што во периодот јануари – јуни 2022 година се реализирани 2.078 милиони денари (47,5% од вкупно предвидените средства). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 29,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.319 милиони денари, односно 43,8% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите шест месеци од 2022 година реализираше средства во износ од 5.710 милиони денари, што е 58,3% од планираното за годината и истите се повисоки за 55,5% споредено со претходната година. Најголема ставка со учество од 73,0% е субвенции и трансфери, за која во првата половина од 2022 година се потрошени 4.170 милиони денари, односно 57,7% од планираното за 2022 година. Втора значајна ставка со учество од 22,6% е капитални расходи, за која се реализирани 1.290 милиони денари или 76,1% од планираните средства за 2022 година.

Министерството за здравство во првата половина од годината реализираше буџетски средства во износ од 2.343 милиони денари (намалување од 33,0% во споредба со истиот период претходната година), што е 31,1% од вкупниот буџет за 2022 година. Расходите за тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во вкупните расходи со 48,2%, за што во периодот јануари – јуни 2022 година се потрошени 1.129 милиони денари или 37,6% од средствата наменети за 2022 година. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка со учество од 42,6% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 997 милиони денари, односно 31,8% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари – јуни 2022 година реализираше средства во износ од 1.187 милиони денари, што претставува само 10,2% од вкупниот буџет за 2022 година и истите се повисоки за 13,4% споредено со претходната година. Ставка со највисоко учество во вкупните расходи на овој буџетски корисник е капитални расходи, чија реализација во првата половина од 2022 година изнесува 620 милион денари (52,2% од вкупните расходи), што е 5,9% од годишниот буџет за оваа намена. За субвенции и трансфери се потрошени 440 милиони денари, што е 61,6% од планираното за цела година, а во вкупните расходи учествуваат со 37,0%.

## 3.2. Управување со јавниот долг

Државниот долг на Република Северна Македонија на крајот на првото тримесечје од 2022 година изнесува 6.113,4 милиони евра, односно 46,8% од проектираниот БДП за 2022 година, додека јавниот долг[7] изнесува 7.170,5 милиони евра, односно 54,9% од БДП (Графикон 15). Притоа, во однос на крајот на 2021 година, учеството на државниот долг во БДП е пониско за 5 п.п., а на јавниот долг за 5,9 п.п.. Податоците за нивото на долгот имплицираат на негова повторна стабилизација, што доаѓа после периодот на зголемување на долгот, предизвикано од кризата со пандемијата на ковид-19.

Графикон 15. Состојба на државен и јавен долг (во % од БДП)



Извор: Министерство за финансии

Од аспект на каматната структура на државниот долг, на крајот на првото тримесечје од 2022 година односот на фиксната и варијабилната каматна стапка изнесува 78,8:21,2 соодветно (Графикон 16). Од аспект на валутната композиција, долгот во домашна валута учествува со 24,6% во портфолиото на вкупниот државен долг, додека долгот деноминиран во странска валута учествува со 75,4%. Притоа, учеството на долгот во евра во вкупниот државен долг изнесува 69,3% (вклучувајќи ги и домашните државни хартии од вредност со девизна клаузула), специјалните права за влечење учествуваат со 5,6%, долгот во јапонски јени учествува со 0,45%, а долгот деноминиран во американски долари учествува со 0,1%.

Графикон 16. Каматна (лево) и валутна структура на државниот долг во првото тримесечје од 2022 година



Извор: Министерство за финансии

Извор: Министерство за финансии
(*вклучително и домашните ДХВ со девизна клаузула)

[7] Со измените на Законот за јавен долг во мај 2019 година („Службен весник“ бр.98/2019), негарантираниот долг се вклучи во дефиницијата за јавен долг

На домашниот пазар, во периодот јануари – јуни 2022 година, Министерството за финансии на редовна основа издаваше државни хартии од вредност, во согласност со календарот за издавање ДХВ.

Во текот на првото полугодие од 2022 година се реализираа редовни ревизии на оценките на кредитниот рејтинг на државата од страна на агенциите за кредитен рејтинг „Фич“ и „Стандард и Пурс“.

- Во април 2022 година, Агенцијата за кредитен рејтинг „Фич“ го потврди кредитниот рејтинг на РС Македонија на „ББ+“, со негативен изглед. Рејтингот на РС Македонија е поддржан од доброто владеење, позитивната бизнис-клима, како и кредибилната и кохерентната макроекономска и финансиска политика конзистентна со долготрајниот фиксен девизен курс како и рекордна ниска инфлација.
- Во февруари 2022 година, Агенцијата за кредитен рејтинг „Стандард и Пурс“ го потврди кредитниот рејтинг на земјава на „ББ-“ со стабилен изглед. Очекувањата на Агенцијата се дека македонската економија годинава ќе се врати на патеката на економски раст и ќе ги надмине шоковите од кризата предизвикана од пандемијата на ковид-19.